# СЕКТОРСКА АНАЛИЗА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

# ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Ноември, 2024**

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

## СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ........................................................................................................ 3

ВОВЕД..................................................................................................................................4

МЕТОДОЛОГИЈА ........................................................................................................ 4

РЕЗИМЕ............................................................................................................................. 6

РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕС НА ДЕСКТОП ИСТРАЖУВАЊЕ.......................................................... 7

ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО КОНТЕКСТ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА........................................................................................................ 7

ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО КОНТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА........................................................................................................ 8

РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕС НА ПРИМАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ.................................................. 14

ПРЕПОРАКИ..................................................................................................................... 23

АНЕКСИ............................................................................................................................ 27

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на РМ |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка и промоција на земјоделството и руралниот развој |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЕСС | Економско-социјален совет |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИКТ | Информациска и компјутерска технологија |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| НВО | Граѓанска/невладина организација |

## ВОВЕД

Секторската анализа за локален економски развој во Пелагонискиот регион има за цел да обезбеди детално согледување на состојбите и можностите за економски развој од перспектива на предизвиците и потребите на младите на локално ниво во општините Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Ресен, Долнени, Демир Хисар и Кривогаштани, односно да ги воочи потенцијалите за унапредување на состојбите во овој сектор на ниво на Пелагониски регион преку соработка на единиците на локална самоуправа, бизнисот и граѓанскиот сектор. Оваа анализа треба да послужи како основа за донесување на информирани одлуки и креирање на стратегии за понатамошен развој како за таргетираните локални самоуправи така и за планскиот регион. Анализата е изработена во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите“, финансиран од владата на Швајцарија преку програмата Цвика мобилитас.

Пелагонискиот регион, со својата комплексност на различни економски сектори и актери, бара сеопфатен и мултидисциплинарен пристап за собирање и анализа на податоци, кој ќе ја прикаже реалната слика на неговите економски потенцијали и предизвици. Изработката на документот се темели на комбинација од примарни и секундарни истражувачки алатки, заедно со долгогодишното професионално искуство и соработка со засегнатите страни на секторот локален економски развој (ЛЕР) и на имплементаторот Про Локал и на неговите партнери на локално и регионално ниво. Ваквиот интегриран пристап треба да овозможи идентификување на клучните области за развој и создавање на основа за конкретни препораки, со цел да се подобри локалната економија и да се поттикне економската активност во Пелагонискиот регион.

## I. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата за оваа секторска анализа вклучи повеќе чекори со цел систематско прибирање и анализа на податоци. Процесот започна со секундарно (десктоп) истражување, кое ги опфати релевантните документи и извори, вклучувајќи:

- Локални политики и стратегии за локален економски развој;
- Локални стратегии за млади;
- Програми и одлуки на општинските совети;
- Национална Стратегија за млади 2023-2027;
- Национално законодавство поврзано со локалниот економски развој;
- Релевантни податоци од општинските администрации и нивните сектори за ЛЕР.

Примарното истражување се спроведе преку изработка на прашалник, кој беше дисеминиран електронски до општините, граѓанскиот сектор односно младите и бизнис секторот во Пелагонискиот регион. Понатаму, беше организирана и фокус група составена од претставници од секторот за ЛЕР, кои дискутираа за клучните прашања и предизвици во регионот.

По прибирањето на податоците од примарното и секундарното истражување, истите беа обработени, синтетизирани и анализирани. Наодите од истите беа претставени во драфт верзија на анализата, по што следеше процес на добивање повратни информации и препораки од имплементаторот на проектот и од членовите на фокус групата.

Финалната верзија на документот вклучува конкретни препораки за подобрување на локалниот економски развој во рамките на општинските надлежности кои ќе бидат споделени со сите вклучени страни во процесот на нејзино подготвување, сите засегнати страни на проектот и ќе бидат презентирани на пленарна сесија на Регионалната Платформа за млади во Пелагонија.

## II. РЕЗИМЕ


Содржината на документот дава преглед на состојбите со локалниот економски развој во Пелагонискиот регион, истакнувајќи ја улогата на општините, граѓанскиот и бизнис секторот во поттикнувањето на економските активности. Фокусот е ставен на младите, нивната вклученост и можностите за развој.

Општините имаат уставно загарантирани надлежности за економски развој, но ефективноста на нивните политки и резултатите од нивното спроведување варираат. **Анализата покажува дека повеќето општини се соочуваат со предизвици како недостаток на квалификуван кадар, финансиски средства и ниска вклученост на младите. Во некои случаи, младите се минимално вклучени во економските процеси, што дополнително ги мотивира да се иселат.**

Граѓанските организации посочуваат дека младите имаат ограничен пристап до економски иницијативи и дека општинските стратегии ретко предвидуваат конкретни мерки за нивна поддршка. **Бизнис секторот, пак, го идентификува недостатокот на вештини, административните пречки и ниските плати како главни бариери за поголема инклузија на младите во економскиот развој.**

Истражувањето препорачува низа мерки за унапредување на состојбата, вклучувајќи **организирање обуки за младинско претприемништво, создавање стартап фондови и развој на технолошки инкубатори. Општините се поттикнати да вложуваат во туризмот, руралниот развој и промоцијата на локалните ресурси, додека бизнисите треба да понудат практикантства и партнерства.**

Клучна е и потребата за функционални младински совети и платформи за комуникација помеѓу општините, младите и бизнис секторот. Со предложениот пристап, Пелагонискиот регион може да ја искористи својата економска динамика и да овозможи подобри перспективи за младите.

## 1. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕС НА ДЕСКТОП ИСТРАЖУВАЊЕ

Оваа секција дава детален преглед на резултатите од десктоп истражувањето, спроведено со цел да се анализираат надлежностите на единиците на локална самоуправа (ЕЛС) во областа на локалниот економски развој, во согласност со релевантното национално законодавство. Овој тип на истражување игра клучна улога во разбирањето на актуелната состојба и динамиката во рамките на општините, особено во контекст на нивната способност за ефикасно планирање и спроведување на мерки за поттикнување на економскиот развој на локално ниво. Методологијата на истражувањето вклучи темелна анализа на постоечките документи и законската рамка која ги дефинира обврските и можностите на општините во однос на управувањето со локалниот економски развој. Овој пристап има за цел да ги идентификува клучните предизвици и можности, како и да овозможи формулирање на конкретни препораки за унапредување на практиките и стратегиите за развој на општините во Пелагонискиот регион. Сето тоа е направено во согласност со целите и принципите на националното законодавство, кое поставува правна рамка за овие активности. Со оваа анализа се поставуваат основите за понатамошни чекори во насока на подобрување на капацитетите на општините за стимулирање на економскиот развој, истовремено посочувајќи ги областите каде што е потребно зајакнување и подобрување на локалните политики.

*Поради нецелосна достапност на информации онлајн (општински веб страни), локалните стратегии за економски развој, како и програмите на општинските совети, беа анализирани преку примарното истражување со помош на прашалници. Соодветните заклучоци и согледувања од ова истражување се презентирани во посебна секција подолу во документот.*

### 1.1 ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО КОНТЕКСТ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Локалниот економски развој според Уставот на Република Северна Македонија е една од клучните функции на локалните самоуправи, овозможувајќи им значајна автономија и одговорност во управувањето со локалните ресурси и развојните потенцијали.

Во контекст на Уставот на Република Северна Македонија, локалниот економски развој е уставно загарантирана надлежност на општините, која произлегува од процесот на децентрализација и обезбедувањето на самоуправа на локалните единици. Според член 115 од Уставот, општините се дефинирани како единици на локалната самоуправа со право да управуваат со јавните работи од локално значење, при што економскиот развој е суштински дел од тие функции. Ова значи дека општините имаат право да креираат и спроведуваат стратегии и програми за развој, прилагодени на специфичните економски и социјални потреби на нивната територија, со цел да го поттикнат локалниот просперитет и благосостојбата на населението. Локалната власт е директно вклучена во процесот на донесување одлуки за економски прашања, како што се развојот на инфраструктурата, поддршката на малите и средни претпријатија, и привлекувањето на инвестиции.

Дополнително, Уставот, преку процесот на децентрализација, овозможува општините да ја зајакнат својата улога во економскиот развој преку иницирање на меѓуопштинска соработка и реализација на заеднички проекти, особено во случаи каде е потребно поефикасно користење на регионалните ресурси.

## 1.2 ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО КОНТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Законот за локална самоуправа на Република Северна Македонија обезбедува правна рамка за надлежностите и одговорностите на единиците на локалната самоуправа, вклучувајќи го секторот за локален економски развој. Овој закон има за цел да ја зајакне автономијата на општините во вршењето на јавни функции кои директно влијаат на локалниот развој, како и да овозможи ефективна координација помеѓу централните и локалните власти.

Според член 22 од Законот, општините имаат надлежност за планирање и реализација на програми и стратегии за локален економски развој, што е од клучно значење за економскиот напредок на регионот. Надлежностите на ЕЛС во оваа област вклучуваат создавање на поволни услови за инвестиции, поддршка на малите и средни претпријатија (МСП), управување со локалната инфраструктура и развој на нови економски иницијативи за зајакнување на економскиот капацитет на општините.

Општинските сектори за ЛЕР играат клучна улога во формулирање и спроведување на локални економски политики. Тие се одговорни за изготвување локални стратегии кои се усогласени со националните економски стратегии, но и со специфичните потреби и потенцијали на секоја општина. Законот предвидува инклузивност при креирањето на овие стратегии, обезбедувајќи учество на граѓанскиот сектор, приватните бизниси и јавните институции.

Покрај тоа, Законот го утврдува Советот на општината како орган одговорен за одобрување на програмите за локален економски развој. Ова обезбедува транспарентност и отчетност во процесот на донесување одлуки. Советите се задолжени и за разгледување на годишните извештаи за спроведување на овие програми и вршат ревизија по потреба, со цел да се обезбеди континуиран економски развој.

Една од значајните компоненти на Законот е поттикнувањето на меѓуопштинската соработка, особено во областа на економскиот развој. Со ова, општините можат да се здружуваат за реализација на регионални проекти кои надминуваат граници на една општина, овозможувајќи поефикасно користење на ресурсите на целиот регион. Овој пристап е од особено значење за Пелагонискиот регион, кој има разновидна економска структура и потенцијали што можат да бидат поуспешно искористени преку заеднички иницијативи.

### 1.2.1 Детален преглед на надлежности на градоначалникот, советот на општината и општинската администрација во контекст на локалниот економски развој:

#### 1. Градоначалник

Градоначалникот, како избран претставник, е извршниот орган на општината и ја претставува општината пред трети лица. Во контекст на локалниот економски развој, неговите главни надлежности се:

- Спроведување на локални политики и програми за економски развој усвоени од советот.
- Привлекување инвестиции и создавање поволни услови за развој на МСП.
- Управување со општинскиот буџет за проекти кои поттикнуваат економски активности и развој на локалната инфраструктура.

- Организирање на општинската администрација за поддршка на економските иницијативи, вклучувајќи го и секторот за ЛЕР.
- Претставување на општината во преговори и проекти со економско значење.

## 2. Совет на општината

Советот е највисокото тело на општината кое носи одлуки и ја претставува локалната власт. Во однос на економскиот развој, неговите функции вклучуваат:

- Донесување стратегии, програми и планови за локален економски развој.
- Одлучување за распределба на буџетот за поддршка на локални економски иницијативи, нови бизниси и развој на туризмот.
- Поддршка на политики за зголемување на вработеноста и развој на човечкиот капитал.
- Вршење надзор врз спроведувањето на економските програми и политики од страна на градоначалникот и општинската администрација.

## 3. Општинска администрација

Општинската администрација е извршниот апарат кој ги спроведува одлуките на градоначалникот и советот. Во контекст на економскиот развој, нејзините надлежности вклучуваат:

- Поддршка на секторот за ЛЕР при подготовка и спроведување на програми за економски развој.
- Собирање и анализа на податоци релевантни за економскиот развој на општината, како инвестиции и локални пазари.
- Обезбедување административна поддршка за економски проекти, туризам и инфраструктурни иницијативи.
- Комуникација со бизнисите и инвеститорите за создавање можности за вработување и иновации.

Законот за локална самоуправа ги дефинира овие надлежности, истакнувајќи ја важноста на активната улога на локалната власт во создавањето поволна економска клима.

Општините во Пелагонискиот регион, користејќи ги овие законски можности, можат да го зајакнат својот капацитет како двигатели на економскиот развој, придонесувајќи кон општествено-економскиот напредок на регионот.

## 1.3 СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ И МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ

### 1.3.1 НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023-2027

Националната стратегија за млади 2023–2027 се фокусира на поттикнување на младинското претприемништво и локалниот економски развој преку следниве мерки:

- **Развој на претприемачки вештини:** Обезбедување обуки и менторски програми за млади, со цел стекнување на потребните компетенции за успешно водење бизнис.
- Финансиска поддршка: Олеснување на пристапот до финансиски средства преку грантови и поволни кредити за младински стартапи.
- **Бизнис инкубатори и центри за поддршка:** Создавање и поддршка на инфраструктура која ќе им овозможи на младите претприемачи пристап до ресурси и совети за развој на нивните идеи.
- **Промоција на иновации и дигитализација:** Поттикнување на младиот бизнис сектор да применува иновативни и дигитални решенија за зголемување на конкурентноста.

Во контекст на локалниот економски развој, стратегијата предвидува:

- **Интеграција на младите во локалните економии:** Промовирање на учеството на младите во локалните економски активности, особено во руралните средини, преку поддршка на мали и средни претпријатија.
- **Искористување на локалните ресурси:** Поттикнување на млади претприемачи да развиваат бизниси базирани на специфичните ресурси и предности на нивните заедници.
- **Јакнење на соработката меѓу локалните власти и младите:** Создавање механизми за вклучување на младите во процесите на донесување одлуки кои влијаат на локалниот економски развој.

Со овие мерки, Стратегијата има за цел да ги зајакне капацитетите на младите во претприемништвото и да го поттикне локалниот економски развој, создавајќи услови за одржлив раст и подобрување на животниот стандард во заедниците низ целата држава.

### 1.3.2 ЛОКАЛНИ СТРАТЕГИИ ЗА МЛАДИ

Во Пелагонискиот регион, од вкупно девет општини, активни Стратегии за млади имаат пет општини: Ресен, Прилеп, Битола, Новаци и Кривогаштани.

**Стратегијата за млади и акцискиот план на Општина Ресен** содржат низа мерки за поддршка на младите во локалниот економски развој, со акцент на претприемништвото и зголемување на вработливоста. Подлу се дадени клучните мерки и цели поврзани со младинското вработување и претприемништвото:

1. **Поддршка за млади претприемачи**:
    - Годишна финансиска поддршка за најмалку двајца млади претприемачи за основање на нивни бизниси, со фонд од минимум 600.000 МКД обезбедени од општината.
    - Менторски програми и професионални обуки за стекнување на неопходни вештини за успешно водење на бизнис.
    - Соработка со приватниот сектор за создавање можности за претприемништво и обезбедување практични бизнис сознанија.
2. **Подготовка за младинска вработливост:**
    - Развој и имплементација на програми за обука за младинско претприемништво, насочени кон најмалку 15 учесници годишно, со изработка на конкретни бизнис планови како краен резултат.
    - Практични сесии за стекнување вештини во сектори како туризам и органско земјоделство, кои ги подготвуваат младите за локалниот пазар на труд.
3. **Надминување на предизвиците за вработување**:
    - Мерки за надминување на бариерите, како недостаток на финансиски средства и претприемачки вештини, кои ги спречуваат младите да започнат сопствени бизниси.
    - Промоција на неформално образование преку работилници и семинари за унапредување на вработливоста.

4. **Долгорочно економско планирање**:
   - Формирање политики во соработка со деловната заедница за создавање поволна клима за младинско вработување.
   - Искористување на национални и меѓународни фондови за поддршка на локални претприемачки проекти и иницијативи за отворање работни места

**Локалната стратегија и акцискиот план на Општина Новаци (2024-2029)** вклучуваат повеќе мерки и активности поврзани со локалниот економски развој, претприемништвото и вработувањето на младите. Овие мерки се насочени кон подобрување на можностите за младите во општината, со акцент на нивната едукација, развој на претприемнички вештини и поддршка за отпочнување на мали бизниси. Деталните активности вклучуваат:

1. **Инфо сесии за оперативниот план на Агенцијата за вработување на РСМ,** со акцент на претприемништвото и можностите за поддршка при започнување на сопствен бизнис.
2. **Организирање обуки за претприемачки вештини**, вклучувајќи тематски фокус на зелени бизниси, со цел зголемување на капацитетите на младите за успешно водење на бизниси.
3. **Промоција на претприемништвото** како начин за намалување на младинската невработеност, со дополнителен акцент на користење на националните програми и проекти.
4. **Поддршка за нови семејни бизниси,** преку создавање на услови и соработка со релевантни организации.
5. **Поврзување со национални и меѓународни иницијативи за претприемништво,** вклучително соработки со Фондот за иновации и технолошки развој и други институции.

**Стратегијата за млади на Општина Кривогаштани и нејзиниот акциски план** предвидуваат повеќе активности и мерки во областа на локалниот економски развој, вработување и претприемништво, насочени кон поддршка и поттикнување на младите. Клучните елементи опфаќаат:

1. **Пракса и волонтерство**: Општината предвидува програми за практикантство и волонтерство во соработка со локалниот приватен сектор, со цел младите да стекнат искуства и компетенции релевантни за пазарот на труд.

2. **Развој на претприемачки вештини**: Се планираат обуки и работилници за младите за развој на претприемачки вештини, како и мотивациони средби со успешни локални претприемачи. Овие активности имаат за цел да ја зајакнат подготвеноста на младите за започнување сопствени бизниси.
3. **Промоција на самовработување**: Активностите опфаќаат промоција на младинското претприемништво и поддршка за самовработување, преку искористување на национални и локални програми за финансиска помош и обуки.
4. **Стратешка поддршка**: Општината ќе соработува со релевантни институции како Фондот за иновации, агенции за претприемништво и младински организации за да обезбеди координирана поддршка и ресурси за младите.

**Во локалната Стратегија за млади на Општина Битола и нејзиниот Акциски план за 2023-2024** за младите и локалниот економски развој, особено за нивното вработување и поддршка на претприемништвото опфатено е следното:

1. **Претприемништво:**
   - Стратегијата за млади на Општина Битола 2023–2027 ја вклучува промоцијата на претприемништвото како основна алатка за економски развој на младите. Активностите се насочени кон поттикнување на старт-ап бизниси и креативни иницијативи, користејќи достапни грантови преку ФИТР (Фонд за иновации и технолошки развој) и други национални и локални програми.
2. **Вработување**:
   - Активни мерки за невработеност преку соработка со Агенцијата за вработување.
   - Поддршка на младите во ИТ секторот со тренинг и вработувања, како и преку поттикнување на фриленсерски можности.
3. **Инфраструктура и обуки**:
   - Воведување програми за кариерен развој и практична настава во соработка со локални компании.
   - Креирање на локални програми за младинска работа во јавни институции и приватниот сектор.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕС НА ПРИМАРНО ИСТРАЖУВАЊЕ

### 2.1 ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на истражувањето во соработка со имплементаторот на проектот Про Локал и Урбано Гнездо Кривогаштани, беше изработен посебен прашалник за граѓанскиот сектор во Пелагонија со вкупно 14 прашања. Истиот беше електронски испратен до најмалку 50 граѓански организации од сите општини во Пелагонискиот регион од кои 15 организации дале одговор на истиот. Најголем број од организациите, вкупно четири (26.6%), се од Ресен, две организации (13.3%) имаат седиште во Битола додека останатите организации кои дале одговор имаат седишта во следните општини: Кривогаштани, Демир Хисар, Крушево, Могила, Новаци и Прилеп.

На прашањето **„Според вашето искуство, како би ја опишале моменталната состојба на економскиот развој во вашата општина, особено во однос на младите** (оценки од 1 до 5, каде 1 е најниска, а 5 највисока оценка)?“, одговорите се следни: Најголем број од испитаниците (42.9%) ја оцениле состојбата со оценка 2, што укажува на незадоволителна состојба. Оценка 3 е дадена од 28.6%, додека 14.3% ја оцениле со 4. По 7.1% одговориле со оценка 1 и 5, покажувајќи крајно негативни и позитивни проценки.

На прашањето **„Како би го опишале нивото на вклученост на младите во економскиот развој во вашата општина?“**, одговорите се следни: 5 испитаници (35.7%) ја оцениле вклученоста со 2. По еден испитаник (7.1%) ја оценил вклученоста со 1, 3, и исто така дел од организациите имаат дадено одговори како „слабо“, „минимално“, „недоволно“ и „незадоволително“, што претставува широк спектар на оценки меѓу испитаниците.

Според одговорите на прашањето **„Кои се клучните економски сектори во вашата општина кои може да обезбедат подобра економска перспектива за младите?“**, испитаниците ги посочиле следниве сектори: претприемништво, угостителство, земјоделство, ИТ, транспорт, инфраструктура, култура, здравство, туризам (вклучувајќи алтернативен и планински туризам). Некои испитаници во контекст на прашањето исто така нагласиле и дека потребни се повисоки плати, повеќе можности за вработување, како и намалување на корупцијата и подобрување на владеењето на правото.

На прашањето **„Доколку има, дали стратешкиот документ за економски развој на вашата општина во својата содржина предвидува цели, мерки, приоритети наменети за**

**подобрување на економската состојба на младите во општината?“**, одговорите се следни: по еден испитаник (7.7%) одговорил дека има документ, но не се спроведува, дека постои, но не го видел, дека има предвидени мерки, дека не е доволно сеопфатен, или дека има документ, но не ја знаат неговата содржина. Најголем број (15.4%) одговориле дека во нивната општина нема таков документ.

На прашањето **„Колку сметате дека актуелните општински политики се ефективни во поддршката на економскиот развој со фокус на младите?“**, одговорите се главно негативни. Повеќето испитаници сметаат дека општинските политики се „многу малку“ ефективни или „воопшто не се“. Некои изразиле став дека политиките „не постојат“ или дека „не се ефективни“ и „недоволни“. Неколкумина испитаници сметаат дека може повеќе да се направи, додека еден испитаник одговорил дека политиките се „солидни“, но таквиот став е реткост меѓу испитаниците.

На прашањето **„Како може општината подобро да го поддржи младинското претприемништво и иновативност?“**, одговорите предлагаат повеќе насоки: обезбедување на поддршка и директно вклучување на младите преку консултации, обуки, и поставање млади кадри. Дел од испитаниците сугерираат ослободување од даноци, финансиска помош и намалени придонеси за првите 5 години. Исто така, се предлага ангажирање надворешни експерти, проекти, подобра комуникација со младите, и давање финансиски средства и едукативни работилници за поддршка на младинското претприемништво и иновативност.

На прашањето **„Дали постојат конкретни локални програми или иницијативи насочени за зголемување на вработувањето или поддршка на претприемачките активности на младите?“**, одговорите покажуваат дека 33.3% од испитаниците одговориле со „Не“. Неколкумина сметаат дека има програми, но не се доволни или не се доволно атрактивни. Мал дел одговориле дека постојат програми преку Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), но не функционираат добро. Еден дел од испитаниците одговориле и дека се потребни повеќе иницијативи и програми за оваа намена.

На прашањето **„Со какви бариери се соочуваат младите кога се обидуваат да влезат на локалниот пазар на труд?“**, одговорите покажуваат разни предизвици: административни пречки, ниски плати, недостаток на стручност, незаинтересираност, недоволно работни места, политичка селекција, недоволно знаење, и слаба информираност. Некои истакнуваат дека недоволната пракса и несоодветните обуки се пречки, а често работните места се распределуваат по партиска основа, што ги тера младите да емигрираат во други градови или странство.

На прашањето **„Како соработувате со другите засегнати страни (бизниси, локална самоуправа) за да ја промовирате вклученоста на младите во локалниот економски развој?“**, одговорите се разликуваат. Еден дел од испитаниците истакнуваат дека го промовираат значењето на младите за одржливоста на општината или ги вклучуваат во работни групи. Други велат дека има недоволна соработка или дека воопшто не соработуваат. Некои испитаници се обидуваат да организираат заеднички настани, но со ограничен успех, додека други планираат соработка во иднина.

На прашањето **„Дали постојат функционални платформи за комуникација на засегнатите страни во областите локален економски развој и младински политики?“**, одговорите покажуваат дека 46.2% од испитаниците сметаат дека не постојат такви платформи. По еден испитаник (7.7%) одговорил дека постојат само на хартија или се во рана фаза на развој, додека други наведуваат дека не знаат за постоењето на такви платформи. Еден испитаник наведува постоење на локални иницијативи, но не и функционални платформи.

На прашањето **„Како може општината подобро да соработува со граѓанскиот сектор за да го зајакне младинскиот ангажман во локалната економија?“**, одговорите предлагаат повеќе начини: инволвирање на младите во донесување одлуки, формирање локални младински совети, учество во проекти, организирање обуки, работилници и тркалезни маси. Некои истакнуваат дека општината треба да ги слуша младите и нивните потреби, да донесе стратегија и да се придржува до неа. Сепак, еден испитаник наведува дека општината во којашто таа организација делува, не е спремна за ваква соработка.

Според одговорите на прашањето **„Како според вас, младите може подобро да се интегрираат во локалната економија?“**, младите можат да се интегрираат преку искоренување на стравот од неуспех, поголеми гаранции и поддршка. Испитаниците предлагаат организирање обуки, менторство, преквалификација и вклучување во долгорочни проекти. Некои сугерираат дека општината треба да ги слуша младите и да ги реализира нивните проекти, како и да обезбеди работа според квалитет. Добра информираност и вклученост во младинските совети се исто така посочени како важни фактори.

На прашањето **„Кои активности треба да ги преземе општината за забрзување на локалниот економски развој преку вклучување на младите во тој процес?“**, одговорите предлагаат разни мерки: едукација, отворање канцеларија за млади и назначување советник од младите, повеќе обуки, вклучување на младинскиот совет и создавање фондови за стартапи. Некои испитаници сметаат дека општината треба да биде поотворена

и транспарентна, организирајќи повеќе средби со младите и работи на поголема соработка за да спречи нивна емиграција.

## 2.2 БИЗНИС СЕКТОР

Во рамките на истражувањето за локалниот економски развој и вклученоста на младите, беше спроведен и прашалник со 14 прашања наменет за бизнис секторот во Пелагонискиот регион. Прашалниците беа испратени до најмалку 300 компании преку електронски адреси кои беа обезбедени во соработка со јавните институции во Пелагонискиот регион, преку датабазите на Про Локал и Урбано Гнездо Кривогаштани но и со поддршка од регионалните стопански комори во Прилеп и Битола. Прашањата беа насочени кон клучните ЛЕР аспекти, вклучувајќи економски сектори, предизвици за бизнисите, ангажман на младите и пречките при нивното вработување.

**Преглед на добиени одговори согласно содржина на испратен прашалник**:

1. **Оценка на моменталната состојба на економскиот развој:** Компаниите генерално ја оценуваат економската состојба умерено, со оценки од 2 до 4, што покажува одредени предизвици, но и потенцијали за развој.
2. **Клучни економски сектори:** Бизнис секторот ги идентификува земјоделството, туризмот, текстилната индустрија, угостителството и преработувачката индустрија како главни сектори, со зголемен интерес за развој на нови сектори, како ИТ и услуги.
3. **Примарни предизвици за локалните бизниси:** Главни предизвици вклучуваат недостаток на квалификувана работна сила, недоволни финансиски средства и висока конкуренција. Постојат барања за подобра информираност за пристап до финансиски ресурси.
4. **Нивото на вклученост на младите во економските активности:** Споре анкетираните бизниси во Пелагонија, младите се слабо вклучени во економските активности, и недостасуваат програми и иницијативи за нивно поддржување и поголем ангажман.
5. **Бариери за младите на пазарот на труд:** Младите се соочуваат со бариери како несоодветни вештини, недостаток на мотивација и административни пречки. Неретко се одлучуваат за емиграција поради недоволната поддршка за професионален развој.

6. **Подобрување на интеграцијата на младите**: Јавниот сектор треба да инвестира во обуки, програми за менторство и практикантство, како и да создаде партнерства со приватниот сектор за зголемена поддршка на младите.
7. **Програми и иницијативи за вработување на младите:** Мал дел од компаниите имаат програми за практикантство, но недостигаат локални иницијативи насочени кон поддршка на претприемачките активности на младите.
8. **Влијание на јавните политики врз бизнисите:** Политиките кои влијаат на работната сила, процедурите при вработување (особено сезонско и кај лица помлади од 18 години) и даночните олеснувања се особено важни за компаниите, бидејќи тие можат да придонесат за вработување и задржување на млади кадри.
9. **Програми за младински ангажман во компаниите:** Повеќето компании немаат активни програми за младински ангажман, но 15% посочуваат дека нудат практикантски позиции, обуки и можности за развој насочени кон млади вработени.
10. **Дополнителни ресурси за зголемување на учеството на младите:** Пристапот до финансии и дополнителни обуки и менторски програми се сметаат за клучни ресурси кои би можеле да го зголемат младинското учество во локалната економија.
11. **Соработка со други засегнати страни:** Компаниите соработуваат со локалната самоуправа, НВО и владини агенции, но потребни се редовни состаноци и функционални платформи за подобра координација.
12. **Платформи за комуникација:** Бизнисите наведуваат дека функционалните платформи за комуникација со засегнатите страни не се доволно развиени, иако се одржуваат периодични состаноци и настани.
13. **Можности за економски раст во следните 5 години:** Туризмот, ИКТ индустријата, аграрниот сектор и руралниот развој имаат потенцијал за раст, а можат да придонесат за генерирање и ангажирање на младинска работна сила и локален развој.
14. **Конкретни активности на јавниот сектор за забрзан економски развој:** Бизнис секторот препорачува изградба на социјална инфраструктура, стартап програми и центри за обука, како и мерки за поддршка на претприемништвото кои би ги поттикнале младите да останат и да придонесат кон локалниот економски развој.

## 2.3 ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на истражувањето за локалниот економски развој и вклученоста на младите, беше спроведен прашалник насочен кон анализа на носечките аспекти на ЛЕР од аспект на јавниот сектор на локално ниво како што се економските сектори со најголем потенцијал, постоечки стратегии за развој, младинско претприемништво како и пречките кои ја лимитираат нивната вработливост. Прашалниците беа испратени до девет локални самоуправи во Пелагонискиот регион, односно до номинираните претставници од одделенијата за локален економски развој.

Овој извештај ги опфаќа анализите на одговорите добиени од општините: Битола, Прилеп, Новаци, Демир Хисар, Долнени, Ресен, Могила, Крушево и Кривогаштани. Наодите се дополнети со заклучоците од средбата на фокус групата со овие претставници, одржана на 29 август 2024 година во Општина Кривогаштани.

**Преглед на добиени одговори согласно содржина на испратен прашалник**:

1. **Оценка на моменталната состојба на економскиот развој**: Општините генерално ја оценуваат состојбата како умерена, со оценки од 2 до 3, додека општина Долнени дава повисока оценка (4).
2. **Клучни економски сектори**: Главните сектори кои ги посочуваат општините вклучуваат земјоделство и туризам, рударство и ископ на минерали, преработувачка индустрија, производство на електрична енергија од јаглен и обновливи извори.
3. **Стратешки документи за локален економски развој**: Сите општини посочуваат дека имаат стратегиски документи (Стратегија или Интегриран план) или се во процес на донесување/усвојување на такви документи. Општина Прилеп и Кривогаштани се во финален процес на донесување нова стратегија со акцент на локалниот економски развој. Општините имаат и едногодишни плански документи со кои краткорочно се уредува сеткорот ЛЕР.
4. **Цели, мерки, приоритети наменети за подобрување на економската состојба на младите во општината?** Стратешките документи предвидуваат подигнување на капацитетите на локалната самоуправа за соработка со бизнис сектор, развој и поддршка на претприемништвото и иновациите, организација на настани за поддршка

на бизнис секторот, поддршка на специфините бизнис целни групи (млади, жени, социјално ранливи категории граѓани), развој на бизнис инкубатории стартап центри, поддршка на рурален развој, поддршка на локалните акциони групи, поддршка на земјоделците, развој и промоција на туризмот, прекугранична соработка, трансфер на знаења и искуства од добри практики.

5. **Предизвици за локалните бизниси**: Главни предизвици се недостатокот на квалификувана работна сила и финансиски средства/капитал за инвестирање, трендот на иселување, недоволната информираност за достапност на финансиски ресурси и проблеми со пласман на земјоделските производи. Дел од одговорите содржат и предизвици како инфлација и поскапување на влезните инпути (електрична енергија, горива) во производните процеси.
6. **Иницијативи за локален економски развој**: Општините имаат или планираат проекти за поддршка на бизнисите, имаат искуство во соработка со локалните НВО за поддршка на бизнис секторот (преку донаторска поддршка), планираат инвестиции во инфраструктурата и дуалното образование, формирање и ставање во функција на индустриски зони а дел од нив планираат и обуки и инфо-сесии за поддршка на младите.
7. **Вклученост на младите**: Општините ја оценуваат вклученоста на младите како слаба, со неколку исклучоци каде младите се умерено вклучени преку младински совети или невладини организации, како во Кривогаштани.
8. **Поддршка на младинското претприемништво**: Општините предлагаат разни мерки како изградба на инфраструктура која би била во функција на економскиот развој, обуки, субвенции и поддршка за старт-ап проекти, како и активности за создавање услови за подобар живот преку мерки за поддршка на туризмот, културата и спортот. Дел од општините сметаат дека образованието е клучниот столб кој може да ги зајакне претприемачките капацитети на младите.
9. **Програми за вработување и поддршка за младите**: Дел од општините во регионот имаат реализирано практикантски програми и иницијативи преку Агенцијата за вработување, а дел од општините планираати организирање стручни обуки и инфо-сесии за можностите за вработување. Во дел од општините младите се вклучени во активностите како практикантство, општинско корисна работа, јавни работи, обуки и вклученост во програмите за вработување кај познат работодавач или ги користат можностите за основање на сопствена фирма. Во руралните општини додатоците за млади земјоделци кои се овозможени од АФПЗРР исто така се користени.

10. **Бариери за младите на пазарот на труд**: Како главни пречки се наведуваат ниската понуда на работни места, недоволната инклузија на младите при носењето на локалните политики, ниските плати, несоодветните вештини согласно барањата на пазарот на труд и трендот на иселување. Дел од општините одговориле и дека е потребна дополнителна стручност кај младите, но и поголема поддршка од националните институции.
11. **Соработка со засегнатите страни**: Општините соработуваат директно со локалниот бизнис сектор, но и со невладиниот сектор и владините тела преку организирање на работни состаноци и обуки. Една од општините (Кривогаштани) истакнува дека користи странски фондови за да го поддржи образованието и обуките за младите.
12. **Можности за економски раст во наредните 5 години**: Според одговорите, секторите со потенцијал за раст се туризмот, руралниот развој како и изградбата и ставањето во функција на индустриски зони. Дел од општините во регионот ја посочиле и лесната незагадувачка индустрија како сектор со економски потенцијал за раст. Развојот на земјоделските бизниси, производството и преработката на примарни и секундарни производи, пакувањето и поврзување со синџири на трговија се исто така потенцијали за бизнисот во Пелагонија како и воведувањето на непостоечки сервиси за граѓаните и услужните дејности кои не се трговија на мало.
13. **Конкретни активности за забрзан економски развој**: Општините се насочуваат кон подобрување на јавната (социјална, економска, патна) инфраструктура, овозможувањето на услови за стартап центри и бизнис инкубатори. Според дел од одговорите, општините во регионот со своите расположливи капацитети, финансиски и човечки, постојано прават напори за да го унапредат локалниот економски развој во општината, вложуваат во образованието, грижата за децата и старите лица, организирано и во центри за ран детски развој и градинки. Во однос на младите, во дел од општините постојат капацитети, објекти, кои се реконструирани и опремени за потребите на младите од областа на културата или едукацијата. Една од општините дополнително посочила и превземање на активности за промоција на локалните ресурси и зајакнување на човечките ресурси во контекст на подобрување на економската состојба на младите.

## 3. ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН ОД АСПЕКТ НА МЛАДИТЕ

Базирано на резултатите од примарното и секундарното истражување кои опфатија анкетирање и анализа на релевантни документи, во продолжение на документот дадени се препораки за подобрување на состојбите во општините во Пелагонискиот регион насочени кон поддршка на локалниот економски развој и подобрување на можностите за младите кои треба да овозможуват повисока инклузивност и економски напредок преку соработка на општините, бизнис секторот и граѓанските организации.

### 1. Организирање на регионална обука за претприемништво за млади во Пелагонискиот регион

**Опис:** Обуката ќе се одржува двапати годишно, еднаш во Битола и еднаш во Прилеп, овозможувајќи им на студентите и средношколците пристап до современи знаења, менторство и можност за развивање на нивните бизнис идеи. Преку оваа иницијатива, младите учесници ќе имаат можност да ги развијат своите претприемачки вештини, да се запознаат со успешни бизнис примери и да добијат насоки за финансирање и развој на нивните идеи. Обуката ќе биде финансирана од заеднички средства на општините од Пелагонискиот регион.

**Одговорни институции:** Општините од Пелагонискиот регион, Регионална платформа за млади, Стопански комори и локални бизниси, Универзитети, средни училишта и центри за едукација.

**Индикативна временска рамка:** Прва обука: април – Прилеп, Втора обука: Ноември – Битола, отворање на повици за пријави: февруари и септември, финален избор и наградување: мај и декември.

### 2. Организирање на регионален натпревар за избор на најдобра иновативна практика/идеја на млади претприемачи од Пелагонискиот регион

**Опис:** Се препорачува организирање на регионален натпревар со цел поттикнување на младинското претприемништво и иновации во Пелагонискиот регион. Натпреварот ќе биде платформа за млади претприемачи да ги претстават своите најдобри иновативни идеи и

практики во различни сектори. Овој настан ќе вклучува поддршка за развој на бизнис планови, менторство во областа на финансиското управување и маркетинг стратегиите, како и можност за финансиска и административна поддршка за најдобрите идеи.

**Одговорни институции: Регионална Платформа за млади, општини, стопански комори, центри за едукација.**

**Индикативна временска рамка: април - ноември 2025.**

**3. Партнерства со локалните бизниси;**

**Опис:** Општините да воспостават соработка со локалниот бизнис сектор за создавање програми за практикантство и менторство за млади. Овие програми ќе придонесат за подобро вработување и развој на вештини.

**Одговорни институции:** Општини, граѓански сектор, стопански комори.

**Индикативна временска рамка:** април - ноември 2025.

**4. Унапредување на локалната инфраструктура за развој на туризмот;**

**Опис:** Општините да ги зголемат инвестициите во инфраструктурата и промоцијата на локалниот туризам, што би создало нови економски можности за младите.

**Одговорни институции:** Општини, Влада (Министерство за култура и туризам, Министерство за транспорт).

**Индикативна временска рамка:** 2025 – 2028 година.

**5. Инвестирање во технолошки инкубатори и центри за обука;**

**Опис:** Формирање центри за обука и технолошки инкубатори кои ќе им овозможат на младите пристап до know-how, модерна технологија и простор за иновации.

**Одговорни институции:** Општини, Министерство за образование, граѓански сектор, универзитети, приватен сектор.

**Индикативна временска рамка:** 2025 – 2028 година.

**6. Обезбедување поволни услови за инвеститори;**

**Опис:** Намалување на даноците и даночни олеснувања за компании кои вработуваат млади и поддржуваат локални економски активности.

**Одговорни институции:** Министерство за финансии, Министерство за економија и труд, Општини, Стопански комори.

**Индикативна временска рамка:** 2025 – 2028 година.

**7. Изработка на техничка документација за индустриски зони;**

**Опис:** Овозможување на административни предуслови за планирање, изградба и отворање на нови индустриски зони, особено во помалите рурални општини.

**Одговорни институции:** Општини, Министерство за транспорт, Агенција за планирање на просторот.

**Индикативна временска рамка:** 2025 – 2028 година.

**8. Воведување на младински совети за економски развој;**

**Опис:** Формирање на младински совети во рамки на општините за полесно учество на младите во економското планирање и одлучување.

**Одговорни институции:** Општини, граѓански сектор.

**Индикативна временска рамка:** 2025 – 2026 година.

**9. Редовно организирање на состаноци и средби со засегнати страни;**

**Опис:** Формирање или ставање во активна функција на економско-социјалните совети и организирање на координативни настани со претставници од општините, бизнис секторот и младите.

**Одговорни институции:** Општини, регионални стопански комори, граѓански сектор.

**Индикативна временска рамка:** континуирано, почнувајќи од прв квартал на 2025.

**10. Промоција на руралниот развој;**

**Опис:** Инвестиции и поддршка за проекти кои ги развиваат руралните подрачја, со фокус на земјоделство, агротуризам и еколошки бизниси.

**Одговорни институции:** Министерство за земјоделство, Општини, Локални бизниси.

**Индикативна временска рамка:** април - ноември 2025.

**11. Подобрување на комуникациските канали;**

**Опис:** Воспоставување функционални платформи и онлајн канали за брза и ефективна комуникација меѓу младите, општините и приватниот сектор.

**Одговорни институции:** Општини, Министерство за дигитална трансформација, локални бизниси.

**Индикативна временска рамка:** декември 2025.

**АНЕКС 1 : ПРАШАЛНИК за невладините организации во Пелагонискиот регион на тема „Локален економски развој во Пелагонискиот регион и младите“**

1) Според вашето искуство, како би ја опишале моменталната состојба на економскиот развој во вашата општина, особено во однос на можностите за младите? (скала од 1-5 каде 1 е најниска оценка а 5 највисока)
2) Како би го опишале нивото на вклученост на младите во економскиот развој во вашата општина?
3) Според вас, кои се клучните економски сектори во вашата општина кои може да обезбедат подобра економска перспектива за младите?
4) Доколку има, дали стратешкиот документ за економски развој на вашата општина во својата содржина предвидува цели, мерки, приоритети наменети за подобрување на економската состојба на младите во општината?
5) Колку сметате дека актуелните општински политики се ефективни во поддршката на економскиот развој со фокус на младите?
6) Како може општината подобро да го поддржи младинското претприемништво и иновативност?
7) Дали постојат конкретни локални програми или иницијативи насочени за зголемување на вработувањето или поддршка на претприемачките активности на младите?
8) Со какви бариери се соочуваат младите кога се обидуваат да влезат на локалниот пазар на труд?
9) Како соработувате со другите засегнати страни (бизниси, локална самоуправа) за да ја промовирате вклученоста на младите во локалниот економски развој?
10) Дали постојат функционални платформи за комуникација на засегнатите страни во областите локален економски развој и младински политики?
11) Како може општината подобро да соработува со граѓанскиот сектор за да го зајакне младинскиот ангажман во локалната економија?
12) Како според вас, младите може подобро да се интегрираат во локалната економија?
13) Кои активности треба да ги преземе општината за забрзување на локалниот економски развој преку вклучување на младите во тој процес?

**АНЕКС 2: ПРАШАЛНИК за бизнис секторот во Пелагонискиот регион на тема „Локален економски развој во Пелагонискиот регион и младите"**

1. Како би ја оцениле моменталната состојба на економскиот развој во вашата општина? (скала од 1-5 каде 1 е најниска оценка а 5 највисока)
2. Кои според вас се клучните економски сектори во вашата општина?
3. Кои се примарни предизвици со кои се соочуваат локалните бизниси?
4. Како би го опишале нивото на вклученост на младите во економските активности во вашата општина?
5. Со какви бариери се соочуваат младите кога се обидуваат да влезат на локалниот пазар на труд?
6. Како може општината/јавниот сектор да ја подобрат интеграцијата на младите во локалната економија?
7. Дали постојат конкретни програми или иницијативи насочени кон зголемување на вработувањето или поддршката на претприемачките активности на младите?
8. Како јавните политики влијаат на вашиот бизнис, особено во однос на вработувањето и задржувањето на младите?
9. Дали вашиот бизнис активно промовира младински ангажман, на пр. преку практикантство, програми за обука или преку посебни можности за вработување на млади?
10. Кои дополнителни ресурси или поддршка би му помогнале на вашиот бизнис да го зголеми учеството на младите во локалната економија?
11. Како соработувате со другите засегнати страни (локална самоуправа, невладини организации, министерства, агенции) за да го промовирате економскиот развој и вработувањето на младите?
12. Дали постојат функционални платформи за комуникација на засегнатите страни во локалниот економски развој?
13. Кои се главните можности за економски раст во вашата општина во следните 5 години?
14. Какви конкретни активности треба да преземе општината/јавниот сектор за забрзување на локалниот економски развој од аспект на вклучување на младите во истиот (пр. зголемување на капацитети на градинки, дневни престои...)?

**АНЕКС 3: ПРАШАЛНИК за единиците на локална самоуправа во Пелагонискиот регион на тема: „Локален економски развој во Пелагонискиот регион и младите“**

1) Како би ја оцениле моменталната состојба на економскиот развој во вашата општина? (на скала од 1-5 каде 1 е најниска оценка а 5 највисока)?
2) Кои се клучните економски сектори во вашата општина?
3) Дали општината има активен стратешки документ за унапредување на локалниот економски развој?
4) Дали документот во себе содржи цели, мерки, приоритети наменети за подобрување на економската состојба на младите во општината?
5) Кои се примарните предизвици со кои се соочуваат локалните бизниси?
6) Дали во општината има иницијативи кои се реализираат или се во план за реализација за поддршка на локалниот економски развој?
7) Како би го опишале нивото на вклученост на младите во економскиот развој во вашата општина?
8) Како може општината подобро да го поддржи младинското претприемништво и иновативност?
9) Дали постојат конкретни програми или иницијативи насочени кон зголемување на вработувањето или давање на поддршка на претприемачките активности на младите?
10) Со какви бариери се соочуваат младите кога се обидуваат да влезат на локалниот пазар на труд?
11) Како соработувате со останатите засегнати страни (бизниси, невладини организации, Влада) за да го промовирате локалниот економски развој и вработувањето на младите?
12) Дали постојат функционални платформи за комуникација на засегнатите страни во областите локален економски развој и младински политики?
13) Кои се клучните можности за економски раст во вашата општина во следните 5 години?
14) Какви конкретни активности треба да преземе општината за подобрување на амбиентот за забрзан економски развој (пр. изградба на социјална инфраструктура – градинки, дневни престои, простори за ко-воркинг, старатапи)?